**Народна банка на Република Северна Македонија**
**Дирекција за статистика**

Скопје, 31 март 2022 година

## Соопштение за печат

# Позначајни движења кај каматните стапки на банките и штедилниците[1]: февруари 2022 година

– Просечната каматна стапка на вкупните кредити, во февруари 2022 година, оствари месечен и годишен пад од 0,02 п.п. и 0,28 п.п., соодветно и изнесува 4,33%. Просечната каматна стапка на вкупните депозити се задржа на нивото од претходниот месец и изнесува 0,71%. На годишна основа, просечната каматна стапка на вкупните депозити е пониска за 0,21 п.п.

– Во февруари, просечната каматна стапка на новоодобрените кредити[2] изнесува 3,94% и забележа месечно зголемување од 0,10 п.п., а на годишно ниво е намалена за 0,31 п.п. Просечната каматна стапка на новопримените депозити изнесува 0,56% и бележи месечен раст од 0,03 п.п., додека на годишна основа е пониска за 0,15 п.п.

### Табела 1. Каматни стапки на вкупните и на новите кредити и депозити[3,4,5]

| | 2.2021 | 3.2021 | 4.2021 | 5.2021 | 6.2021 | 7.2021 | 8.2021 | 9.2021 | 10.2021 | 11.2021 | 12.2021 | 1.2022 | 2.2022 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| во % на годишно ниво | | | | | | | | | | | | | |
| **Вкупни кредити** | **4.61** | **4.59** | **4.58** | **4.56** | **4.54** | **4.50** | **4.49** | **4.46** | **4.45** | **4.42** | **4.37** | **4.35** | **4.33** |
| Корпоративен сектор | 3.70 | 3.70 | 3.70 | 3.68 | 3.65 | 3.61 | 3.60 | 3.58 | 3.55 | 3.52 | 3.48 | 3.45 | 3.45 |
| Домаќинства | 5.43 | 5.40 | 5.37 | 5.35 | 5.33 | 5.30 | 5.28 | 5.24 | 5.23 | 5.21 | 5.18 | 5.16 | 5.14 |
| **Новоодобрени кредити** | **4.25** | **3.94** | **4.09** | **3.84** | **4.03** | **3.62** | **3.78** | **4.03** | **3.94** | **3.76** | **3.61** | **3.84** | **3.94** |
| Корпоративен сектор | 3.76 | 3.51 | 3.85 | 3.31 | 3.43 | 3.04 | 3.23 | 3.63 | 3.39 | 3.39 | 3.22 | 3.48 | 3.48 |
| Домаќинства | 4.68 | 4.61 | 4.49 | 4.61 | 4.64 | 4.58 | 4.42 | 4.61 | 4.54 | 4.54 | 4.34 | 4.40 | 4.54 |
| **Вкупни депозити** | **0.92** | **0.89** | **0.90** | **0.85** | **0.84** | **0.83** | **0.79** | **0.78** | **0.77** | **0.76** | **0.74** | **0.71** | **0.71** |
| Корпоративен сектор | 1.20 | 1.15 | 1.19 | 1.16 | 1.16 | 1.11 | 1.09 | 1.08 | 1.05 | 0.97 | 0.92 | 0.88 | 0.90 |
| Домаќинства | 0.88 | 0.86 | 0.87 | 0.82 | 0.80 | 0.79 | 0.75 | 0.74 | 0.73 | 0.73 | 0.72 | 0.70 | 0.69 |
| **Новопримени депозити** | **0.71** | **0.76** | **0.62** | **0.67** | **0.53** | **0.51** | **0.50** | **0.85** | **0.79** | **0.77** | **0.70** | **0.53** | **0.56** |
| Корпоративен сектор | 0.39 | 0.75 | 0.65 | 0.74 | 0.51 | 0.42 | 0.46 | 0.62 | 0.53 | 0.42 | 0.29 | 0.42 | 0.29 |
| Домаќинства | 0.86 | 0.77 | 0.61 | 0.64 | 0.53 | 0.57 | 0.53 | 0.94 | 0.93 | 0.95 | 0.90 | 0.58 | 0.65 |

Извор: НБРСМ.

[1] Под „каматна стапка" се подразбира пондерирана просечна каматна стапка искажана во проценти на годишно ниво. За подетално објаснување види ја методологијата http://www.nbrm.mk/content/statistika/Monetarna%20statistika/metodologija/Metodologija_MIR_07_2018_mak.pdf

[2] Во однос на каматните стапки на новоодобрените кредити / новопримените депозити се карактеристични променливи движења. Ваквите движења на каматните стапки произлегуваат од промените на обемот на новите депозити / кредити (којшто од месец во месец може позначително да се менува), како и од новодоговорената каматна стапка.

[3] Ефектите од промените во методологијата објавени во информацијата на 20 јули 2018 година (www.nbrm.mk/content/statistika/informacii/Informacija_za_promeni_vo_monetarnata_statistika_mk.pdf) не се согледуваат кај поединечните категории каматни стапки на депозитите / кредитите (во денари без валутна клаузула, во денари со валутна клаузула и во странска валута), туку само кај агрегираните каматни стапки (во денари и во странска валута) коишто не се предмет на анализа во соопштението, но се објавуваат на интернет-страницата на НБРСМ.

[4] Во август 2020 година е укината дозволата за основање и работење на една банка. Податоците за каматните стапки за јули 2020 година ги вклучуваат јунските податоци за каматните стапки за оваа банка.

[5] Податоците за каматните стапки од август 2020 година не ги вклучуваат податоците за една банка на која во август 2020 година ѝ е укината дозволата за основање и работење и е отворена стечајна постапка.

## 1. Каматни стапки на корпоративниот сектор[6]

– Просечната каматна стапка на вкупните кредити на корпоративниот сектор, во февруари, е непроменета во однос на претходниот месец и изнесува 3,45%. Споредено на годишна основа, оваа каматна стапка е намалена за 0,25 п.п.







Извор: НБРСМ.

– Во февруари, каматната стапка на новоодобрените кредити на корпоративниот сектор, се задржа на нивото од минатиот месец и изнесува 3,48%. Во споредба со февруари 2021 година, каматната стапка на новоодобрените кредити на корпоративниот сектор е пониска за 0,28 п.п.







Извор: НБРСМ.

[6] За потребите на ова соопштение, корпоративниот сектор ги опфаќа нефинансиските институции (јавни и останати).

– Каматната стапка на вкупните депозити на корпоративниот сектор, овој месец, бележи месечен раст од 0,02 п.п. и изнесува 0,90%. Анализирано според структурата, растот се должи на зголемените каматни стапки на депозитите во странска валута и каматните стапки на денарските депозити со валутна клаузула (за 0,05 п.п. и 0,02 п.п., соодветно), во услови на непроменети каматни стапки на денарските депозити без валутна клаузула. На годишна основа, оваа каматна стапка забележа пад од 0,30 п.п.

– Во февруари, каматната стапка на новопримените депозити[7] на корпоративниот сектор е пониска за 0,13 п.п. на месечно ниво и изнесува 0,29%, што во целост произлегува од намалувањето на каматните стапки на депозитите во странска валута (за 0,62 п.п.), при раст на каматните стапки на денарските депозити без валутна клаузула (за 0,08 п.п.). Овој месец, банките и штедилниците не примиле денарски депозити со валутна клаузула. Каматната стапка на новопримените депозити на корпоративниот сектор забележа намалување од 0,10 п.п. во споредба со февруари 2021 година.

## 2. Каматни стапки на домаќинствата[8]







Извор: НБРСМ.

– Каматната стапка на вкупните кредити на домаќинствата, овој месец, изнесува 5,14%, што претставува месечен пад од 0,02 п.п., како резултат на намалувањето кај сите компоненти: каматните стапки на кредитите во странска валута и каматните стапки на денарските кредити без валутна клаузула (за 0,03 п.п., соодветно) и каматните стапки на денарските кредити со валутна клаузула (за 0,02 п.п.). На годишно ниво, оваа каматна стапка оствари пад од 0,29 п.п.

[7] Во графиконот што се однесува на каматните стапки на новопримените депозити на корпоративниот сектор прекинот во сериите податоци кај каматните стапки во денари со валутна клаузула се должи на тоа што во дадени месеци банките и штедилниците не примиле таков вид депозити од корпоративниот сектор.
[8] За потребите на ова соопштение, домаќинствата опфаќаат: физички лица, самостојни вршители на дејност и непрофитни институции коишто им служат на домаќинствата.

– Февруарската просечна каматна стапка на новоодобрените кредити на домаќинствата е повисока за 0,14 п.п. во однос на јануари и изнесува на 4,54%. Нагорната месечна промена е одраз на зголемувањето на каматните стапки на денарските кредити без и со валутна клаузула (за 0,10 п.п. и 0,08 п.п., соодветно), при забележан пад на каматните стапки на кредитите во странска валута (за 0,09 п.п). Просечната каматна стапка на новоодобрените кредити на домаќинствата бележи годишно намалување од 0,14 п.п.







Извор: НБРСМ.

– Каматната стапка на вкупните депозити на домаќинствата, овој месец, изнесува 0,69% и забележа мал месечен пад од 0,01 п.п., како резултат на минималниот пад кај сите компоненти: каматните стапки на депозитите во странска валута и каматните стапки на денарските депозити со и без валутна клаузула. Каматната стапка на вкупните депозити на домаќинствата бележи годишно намалување од 0,19 п.п.

– Во февруари, каматната стапка на новопримените депозити на домаќинствата[9], оствари раст од 0,07 п.п. во однос на претходниот месец и изнесува 0,65%. Растот произлегува од зголемувањето на каматните стапки на денарските депозити без валутна клаузула (за 0,12 п.п.), како и на каматните стапки на депозитите во странска валута (за 0,03 п.п). Истовремено, каматната стапка на денарските депозити со валутна клаузула, овој месец, изнесува 0,50%, за разлика од претходниот месец кога банките и штедилниците не примиле депозити од овој вид. Во споредба со февруари 2021 година, оваа каматна стапка е пониска за 0,21 п.п.

[9] Во графиконот што се однесува на каматните стапки на новопримените депозити на домаќинствата, прекинот во сериите податоци кај каматните стапки во денари со валутна клаузула се должи на тоа што во дадени месеци банките и штедилниците не примиле таков вид депозити од домаќинствата.

***

**Придружни информации**

Временски серии податоци: годишни, квартални и месечни податоци за пондерираните каматни стапки на банките и штедилниците
http://www.nbrm.mk/statistika_na_kamatni_stapki.nspx

Методолошки објаснувања:
http://www.nbrm.mk/content/statistika/Monetarna%20statistika/metodologija/Metodologija_MIR_07_2018_mak.pdf

Следни објавувања: Календар на објавување податоци
http://www.nbrm.mk/content/statistika/kalendar/Kalendar_na_objavuvanje_podatoci.pdf

Месечни податоци за каматните стапки: 29 април 2022 година (референтен пресек заклучно со март 2022 година).

За новинарски прашања, ве молиме контактирајте со лицата од Кабинетот на гувернерот.

За подетални информации во врска со објавените статистички податоци, побарајте нè на: contact.statistika@nbrm.mk или на телефонскиот број 02 3215 181 локал 116 (или 112/110/108).